РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-86/4
14.11. 2014 год.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 08-379/74
25-11-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 33. седница одржана на 31.10.2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Наука за јазик", трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Наука за јазик", трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор по хуманистички науки од полето наука за јазик,** научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно - истражувачко поле: Наука за јазикот, научно - истражувачка област: Албанологија, Туркологија, Славистика, Англистика, Германистика, Романистика.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно - Научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" за организирање трет циклус тригодишна студиска програма „Наука за јазик", на 05.06.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на меѓуседница 30/31, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 33. седница одржана на 31.10.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски

# СПИСОК НА МЕНТОРИ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Од прегледот на доставените информации за потенцијални ментори на докторски трудови на студиската програма на трет циклус студии за **„Наука за јазик“**, на Филолошки факултет Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.103/2010),Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.168/2010), и Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009. бр.115/2010 и бр.17/2011, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14) комисијата констатира исполнување на критериумите на следните наставници:

1. Проф. д-р Александра Саржоска
2. Проф. д-р Арслан Хамити
3. Проф. д-р Максим Каранфиловски
4. Проф.д -р Милица Миркуловска
5. Проф. д-р Силвана Симоска

Акредитацијата на докторските студии се однесува за 15 студенти.

**Напомена:** Согласно член 16 став 2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на РМ бр.103/2010) еден професор може да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа. Согласно пак член 14 став 2 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на РМ бр.103/2010) ист ментор не може да се пријавува на повеќе од две студиски програми.

**Научниот колегиум на докторските студии** да внимава за исполнување на погоре споменатите законски стандарди.

Заменик претседател на
Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски